# НОВО СРЦЕ

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 135. Дата: 11. 06. 2012.**

## ЗАГАТКИ

Во овој број, со цел да внесеме малку разновидност и да ги размрдаме вашите мозоци, решивме да ви презентираме неколку загатки. Некои од нив имаат и помалку забавни и смешни одговори и ќе биде потребна вашата досетливост, за да можете да стигнете до решението. Доколку сепак не успеете во тоа, решенијата ќе ги најдете во текстот подолу.




1. Една жена има 5 деца, а половина од нив се машки. Како е тоа можно?
2. Како е можно жена која се поранѓала само 5 пати, да има шест деца?
3. Како е можно со преполовување на бројот 12, да се добие бројот 7 ?
4. Се појавува еднаш во секунда, два пати во недела, два пати во месец и ниту еднаш во година. Што е тоа?
5. Што е тоа што можеш да го фатиш, а не можеш да го фрлиш?
6. Што е тоа што патува по цел свет, а цело време стои залепено во еден агол?
7. Во моментот кога гласно ќе го спомнеш нејзиното име, таа исчезнува. Што е тоа?
8. На што можеш да лежиш, да седиш и да се миеш заби?
9. Има еден престап (во Америка) за кој според законот следува казна, доколку само си се обидел да го извршиш, но нема казна ако вистински го извршиш? Кој престап е тоа?
10. Можам да ја следам и најбрзата птица, иако не летам. Можам да се движам по водата а да не се намокрам. Мене куршум не ме убива и нож не ме сече. Што сум јас?



Дали знаете дека и во Библијата има загатки? Можеби една од најпознатите е загатката на Самсон, која што ја постави на сватовите, кои беа на неговата свадбена гозба.

Еве како гласи загатката: *„Од оној што јаде излегло јадење, од силниот излезе слатко.”*

За што станува збор овде? Ако сакате да ја разберете загатката и нејзината смисла, најдобро е да го прочитате делот од Библијата кој што зборува за Самсон, во книга Судии. Ако успеете да го пронајдете одговорот, пишете ни на нашата и-мејл адреса и првите 5 читатели ќе бидат наградени со прекрасна книга.

**Подолу следуваат одговорите на 10-те загатки, кои беа набројани на почеток:**

1. Можно е, ако и втората половина т.е. сите 5 деца се машки.
2. Можно е, ако при едно поранѓање имала близнаци.
3. Можно е, ако бројот 12 е напишан со римски броеви и се преполови (XII).
4. Тоа е буквата **„е“**. Ја има еднаш во зборот „секунда“, а два пати во „недела“ и “месец“ и ниту еднаш во зборот „година“.
5. Грип ; 6. Поштенска марка; 7. Тишина ;
8. Кревет, стол и четка за заби
9. Самоубиство; 10. Сенка

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**